# Адвентистичка мисија

## за млади и за возрасни

2021 • **ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ**
• СЕВЕРНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА





AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Буну Парв, фотографиран покрај јурта, се соочила со навидум невозможна задача, да се запише на универзитет во Монголија. Таа се молела и сега работи во АДРА. Приказната за неа може да се најде на страница 6 од вашето списение.


МОНГОЛИЈА

4 Две чуда на човекот со кран / 2 октомври

6 Совршена доверба / 9 октомври T

9 Спојување со небото / 16 октомври

11 Три мистерии / 23 октомври T

ЈАПОНИЈА

14 Вкусна евангелска порака / 30 октомври

16 Евангелие при ориз со кари / 6 ноември T

18 Изгубеното јагне / 1 ноември 3 T

ЈУЖНА КОРЕЈА

21 Молитви на бизнисмен / 20 ноември

23 Помош од небото / 27 ноември

26 СОС мисионство / 4 декември

29 Вакцина на љубовта / 11 декември

ТАЈВАН

32 Селска црква / 18 декември

34 Програма на 13-тата сабота: Нееднаков јарем / 25 декември

38 Идни проекти на 13-тата сабота

39 Редакциски одбор на списанието

40 Карта


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело



Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беа искористени за изградба на младински евангелски центар за обука во адвентистичката црква Сетагаја во Токио, Јапонија. Ви благодариме!


Seventh-day Adventist Church

© 2021 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе биде посветено на Северната Азископацифичка дивизија (САПД) во која спаѓаат Јапонија, Монголија, Јужна Кореја и Тајван.

Во оваа дивизија живеат 230 милиони луѓе, вклучувајќи околу и 286.000 верници на христијанската адвентистичка црква. Тоа претставува соодност од 1 адвентист на секои 806 луѓе.

Ова тримесечје пет проекти на 13-тата сабота ќе се спроведува во земјите од оваа дивизија.

**Специјални карактеристики**

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и нашата Фејсбук страница: Facebook.com/missionquartelies.

## Можности

***Даровиӣе на 13. сабоӣа од ова ӣримсечје ќе бидаӣ уӣоӣребени заСевернаӣа Азискоӣацифичка дивизија (САПД), за изградба и восӣосӣавување на:***

- Адвентистички центар за животен стил во Уланбатор, Монголија.
- Центар за сместување на деца имигранти во Ансан, Јужна Кореја.
- Мисионски центар Јеонгнам во Даегу, во Јужна Кореја.

Три урбани центри на влијание во Тајпеј, Таинан и Каосиунг, на Тајван.

Интернет евангелска програма што ќе допре до интернет генерацијата во Јапонија.

Искористете ја предноста на мисионските прикажни во видеозаписот, кои ги изнесуваат искуствата на луѓето ширум светот, со посебен фокус на примателите на мисионерски дарови на 13. сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на Интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да гледате видеоклипови преку Интернет .

Ние секоја седмица објавуваме дополнителни слики и занимливости што можете да ги преземете и прикажете во вашата класа на компјутер или мобилен телефон додека ги читате мисионските стории, или можете да отпечатите слики и да ја декорирате просторијата во саботната школа или вашата училишна табла.

Дополнителни информации и активности : Во делот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-страници кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации, можете исто така да ме контактирате директно: mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка за мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со нивните духовни браќа и сестри низ целиот свет и што ги поттикнавте да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

# Две чуда на човекот со кран



МОНГОЛИЈА | 2 октомври 2021

**Ерденебат Будрагча, 59**

Работев како оној што беше задолжен за отстранување на товарот од кран на градежни објекти во Монголија.

Кога се градеше некоја зграда, голем кран користеше голема метална кука за да го подигне градежниот материјал и да го заниша до мене, а јас се наоѓав на еден висок ѕид. Тогаш го отстранував градежниот материјал од палетата прикачена на куката.

Еден ден, речиси завршив со работа, го симнав материјалот на третиот кат од зградата, кога куката од кранот одеднаш се заниша и се упати кон мене. Зедов голем стап и се обидов да ја оттргнам куката подалеку од мене, но не успеав, и таа ме удри толку силно, што ме турна од ѕидот. Се сеќавам дека паднав на дното на зградата, три ката подолу и ја изгубив свеста.

Најблиската болница беше доста далеку од местото каде што бевме, па докторот брзо се упати кон градилиштето.

Малку подоцна тоа попладне, се разбудив и сфатив дека ногата ми е скршена, а ’рбетот повреден.

Не смееме да ве поместуваме поради повредите и не можеме да ве однесеме во болница“, ми рече докторот.

Во тоа време, Монголија не беше толку развиена како што е денес, а на земјата ѝ недостасуваше медицинска опрема. Лекарот не знаеше што точно ми се случи. Ми рече дека ’рбетот ми е скршен, и тоа е сè што може да види. Следните две години лежев неподвижен в кревет. Не можев да се помрднам. За тоа време, неколку странци дојдоа во мојот град. Тогаш не го знаев за тоа, но денес знам дека тоа беа мисионери кои го ширеа Евангелието.

Јас имам осум деца, а најстарото одеше во осмо одделение во основно училиште. Сите мои деца одеа на состаноците организирани од странците. Никогаш не им забранував да одат. Децата ги доведоа странците во нашиот дом. Не разбрав што се случуваше тогаш. Но, сега знам дека се молеа за мене. Поради нивните молитви, јас се излекував прилично брзо.

Зајакнав и започнав со физикална терапија. Поставив шипки и јажиња над мојот кревет и почнав да вежбам. Подигнувањето на главата во почетокот ми предизвикува-

ше голема болка, но молитвите на моите деца беа услишани. Наскоро станав од креветот и полека зачекорив, потпирајќи се на бастун.

Моите деца станаа многу активни во адвентистичката црква и сакаа да пеат. И јас уживав во саботните богослужби. Додека ја проучував Библијата, мојот живот почна да се менува. Некогаш многу пиев, но сега престанав. Тоа беше голема промена во мојот живот. Сакав да му бидам верен на Бога.

Мојата сопруга и јас наскоро се крстивме, и се придруживме на верниците на Адвентистичката црква.

Неколку години откако ја вратив способноста за одење, почнав да чувствувам болка во двете нозе. Страв ми се вовлече во срцето зашто се плашев дека повторно ќе станам неподвижен.

По медицинските испитувања, лекарот изгледаше нерасположено. „Треба да се подложите на операција, но ќе биде ризично", рече тој.

Ми објасни дека 'рбетот ми е оштетен и дека налага медицинска интервенција.

Моето семејство мораше да потпише согласност со која се ослободува болницата од каква било одговорност доколку оперативниот зафат не успее.

Сопругата и јас многу се молевме. Пасторот на црквата, исто така, се молеше за мене. Мислам дека операцијата беше

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа приказна како негово искуство.
- „Ердене" значи „Богатство", а „Бат" значи „цврст, силен, лојален".
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Северната Азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Мисоинската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на оживување на религијата низ целиот свет. Целта продолжува да вели дека секој верник во црквата, без разлика дали е млад или стар, треба да биде вклучен во радосно сведочење за Христа, за да ги направат негови ученици. Цел бр. 5 зборува за мисионските иницијативи, без разлика дали се лични или јавни, со цел целосно вклучување на сите верници и нивен духовен раст, индивидуално и во рамките на семејството. За повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам", дознајте од: IWillGo2021.org.

## Мисионски информации

- Првото адвентистичко дејствување започнало со работата на руски мисионери во 1926 година, кои работеле од Хаилар во Манџурија, Кина. Првото издание на публикација на монголски јазик била песнарка и 4 мали трактати. Политичките промени ја отежнале работата во Монголија. Така, делото било раководено од Кина во 1930 година. Во 1931 година, Ото Кристенсен воспоставил мисија и основал болница во Калган.

успешна поради сите тие молитви. Дури и раните од операцијата брзо зараснаа. Ми беше дозволено да одам дома по една седмица.

Денес, јас сум добро и здраво. Моето семејство е христијанско и сакаме нашите пријатели да станат христијани. Ги покануваме во нашата црква, а некои позитивно одговараат на тие покани.

Сепак, ниту еден од моите пријатели сè уште не му го предал своето срце на Исус. Не сум загрижен за тоа, бидејќи верувам дека Тој може да го најде патот до сечие срце. На крајот на краиштата, Бог допре до моето срце на мојата болничка постела. Мојата работа е да ги повикувам луѓето, а работа на Светиот Дух е да ги подготви и менува нивните срца. Неодамна поканив повеќе пријатели да дојдат во црква и се надевам дека ќе дојдат.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје што ќе се искористат за изградба на адвентистички центар за животен стил во главниот град на Монголија, Уланбатор. Во тој центар, луѓето ќе можат да добијат поддршка во своите битки со алкохолот и да научат да донесуваат исправни одлуки во својот живот.



МОНГОЛИЈА | 9 октомври 2021

# Совршена доверба

**Буну Парви, 29**

Која е најважната година во средно училиште?

Најважната година, во Монголија, е последната. Тоа е година во која студентите не само што дипломираат туку и одлучуваат дали ќе го продолжат своето образование на некој универзитет.

Последната година од средното училиште била особено важна за Буна. Во текот на таа учебна година, таа се крстила. Двајца мисионери дошле во нејзиниот мал град и ги поучувале луѓето, во една од училниците на најзиното средното училиште, како да престанат да пушат. Буна не пушела, но присуствувала на семинарот бидејќи немало ништо поинтересно да прави. Ѝ се допаднала работата на мисионерите и со задоволство ја прифатила поканата да ја проучува Библијата со нив. Наскоро се заљубила во Исуса и се крстила.

По крштевањето, Буна сериозно се подготвила да се запише на универзитет. Ако има висока оценка на приемниот испит, ќе може да го избере универзитетот на кој ќе оди.

Многу нејзини школски другарки земале приватни професори при подготовката за завршниот испит. Учениците, кои сакале да студираат историја, се подготвувале за испитот по историја.

Оние што сакале да се запишат во насока за медицинско лице, се подготвувале за испит по медицина. Буна сакала математика, но немала пари за приватен професор по математика. Таа се молела за помош: „Драги Господе, ќе работам сама. Ќе се подготвам себеси решавајќи по пет математички проблеми дневно. Помогни ми во тоа“.

Конечно, дошол денот на испитот. Сите деца кои сакале да студираат во таа област се собрале во главното училиште во градот. Околу 600 ученици беа присутни со Буна на испитот по математика. Кој ќе има највисока оценка, ќе добие можност прв да го избере универзитетот на кој ќе студира. Буна се молела: „Боже, биди со мене“.

Испитот почнал. Професорот ја заклучил вратата и рекол дека никој не може да ја напушти салата додека не истече закажаното време за испитот и додека не се оценат трудовите. Кога завршил испитот, студентите чекале. Некои родители им носеле храна на своите деца и им ја давале преку прозорецот.

Конечно, професорот изјавил дека резултатите од тестот ќе бидат објавени следниот ден. Тој им дозволи на студентите да се вратат во своите домови.

Кога Буна се разбудила следното утро, видела дека надвор врне. Сè било чисто и свежо и сонцето полека се пробивало. Во своите мисли ги слушнала зборовите на песната што монголските адвентисти често ја пеат.

„Твојата љубов е повисока од небото, твојата љубов е поширока од морето“. По овие стихови од песната, Буна веќе не се плашела од резултатот од испитот. Таа му се заблагодарила на Бога и тргнала на училиште.

Кога стигнала, видела дека учениците се тискаат околу таблата со списоци за да ги видат оценките. Таа не можела да се приближи доволно за да ја погледне листата сама, па побарала од еден младич да ѝ помогне да го прочита резултатот.

„Дали го гледаш моето име меѓу имињата на оние што поминаа?“ го прашала таа. „Дали моето име е меѓу првите 10?“ Нејзиното срце замрело кога младичот рекол дека не го видел нејзиното име. Меѓутоа, кога се приближила до таблата со списоци, видела дека нејзиното име е на петтото место. Не можела да им верува на своите очи.

Подоцна, наставникот им ги поделиI испитните листови на учениците. Буна забележала дека направила грешка само во еден од 40-те математички проблеми.

Таа погледнала малку повнимателно на погрешната задача и видела дека професорот е тој што погрешил. Задачата била точна. Таа отишла кај професорот и му ја покажала задачата, но тој одбил да ја смени оценката, велејќи: „Ако ја сменам твојата оценка, тогаш ќе морам повторно да ја проверам

задачата на сите и да ги сменам оценките“.

Буну била вознемирена. Таа сакала совршен тест. Потоа се сетила дека се молела за успех на тестот и дека Бог ѝ помогнал. Конечната оценка била во Негови раце.

Тогаш дошло време студентите да изберат на кој универзитет сакаат да одат. Студентот што имал најдобар резултат избрал, потоа следниот. Конечно, на ред дошла Буна. Никој пред неа не го избрал националниот универзитет во Монголија.

„Тоа беше Божја волја“, вели таа. „Бог знаеше дека не ми треба совршена оценка за да се запишам на универзитетот. Требаше само целосно да се потпрам на Него.“

Денес, Буну има 29 години и го користи своето знаење од математика во својата работа како главен сметководител на АДРА.

Заедно со својот сопруг, тие ја основале единствената извидничка црква во Монголија. Оваа црква се собира во нивниот дом, традиционална монголска јурта.

Ви благодариме за даровите на 13. саота, кои помогнаа да се формира првото адвентистичко средно училиште во Монголија пред три години.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Северната Азископацифичка дивизија: : bit.ly/nsd-2021.
- Мисионската сторија ги пренесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 6 зборува за пристапување, задржување и учество на децата и младите во црковните активности и духовниот раст. Целта број 7 вели дека младите луѓе треба да го стават Бога на прво место во својот живот и на тој начин да го изразат својот библиски поглед на светот. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Национален пијалок во Монголија е Аираг, ферментирано млеко од кобила. Климата и традиционалниот номадски начин на живот влијале на монголската кујна. Месото и млечните производи се основа на исхраната со малку овошје и зеленчук.
- Кумеи е варијанта на „пеење од грло“ традиционална во Монголија. Ваквото пеење потекнува од номади-пастири. Пеењето од грло може да произведе повеќе од еден тон во гласните жици.

Вашите дарови на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за отворање центар за животен стил во главниот град на Монголија.



# Спојување со небото



МОНГОЛИЈА | 16 октомври 2021

**Кејти Хартман, 55**

*(Замолете две жени да го пренесат ова искуство во вид на интервју за време на мисионскиот час во црква).*

**Нараторот:** Кејти и нејзиниот покоен сопруг Бред биле првите мисионери адвентисти во посткомунистичкото време во Монголија, кога дошле во земјата во 1991 година во служба на „Адвентистичката гранична мисија", организација што го поддржува мисионското дело. Таа и денес му служи на Бога во Монголија. Кажете ни, Кејти, на кој начин се молите?

**Кејти:** Кога дојдовме во Монголија во 1991 година, почувствував дека Бог ме повикува да бидам воин на молитва. Сепак, јас му реков на Бога: „Па, јас се молам цело време, како не сум станал воин на молитва?"

Кога мојот сопруг почина и јас повторно се омажив, се преселивме во друга азиска земја некое време. Тогаш почувствував дека Бог ме повикува повторно да бидам воин на молитвата. Попуштив и реков: „Во ред, ќе се молам трипати на ден".

И тога кога јас, мојот сопруг и трите мали ќерки се молевме трипати на ден како семејство, почнаа да се случуваат чуда. Со месеци бараме соодветно сместување, а Бог ни овозможи да добиеме дом. Мојот сопруг и јас ја загубивме работата како наставници по англиски јазик, и Бог ни ја отвори вратата да најдеме уште подобри работни места.

Тоа беше само првиот чекор на патот на молитвата по кој Бог нè водеше. Вториот чекор започна кога почнав да „размислувам за Исусовиот начин на живеење меѓу луѓето" - набљудувај, стражари и моли се, како што можев да разберам од Новиот Завет. Барав текстови во списите на Елена Вајт што зборуваат за набљудување и молитва, и ги сумирав во еден запис. Научив дека „набљудување" значи да обрнуваме внимание на нашите емоции, да се грижиме за нашите зборови и да видиме какво влијание имаме врз луѓето околу нас.

Секогаш кога моите ќерки имаа проблем во раните тинејџерски години, се прашував: „Дали се молев, дали оставив добар пример?" Тие честопати би ми одговарале дека не оставам добар пример, што ме наведуваше да се обидам да бидам уште подобра, почувствителна на нивните проблеми. Наместивме една просторија во нашата куќа посебно за молитва. Таму, трипати на ден во нашата приватност, можеме да му ги претставиме на Бога нашите гревови, слабости и она што нè притиска, барајќи од Него да ги

исполни нашите срца со љубезен, понизен дух, како Христовиот. Ова навистина помогна да се подобрат и нашите семејни односи.

**Нараторот:** Како ја читате Библијата?

**Кејти:** Кога прочитав дека еден од основачите на нашата црква, Вилијам Милер, го посветувал своето внимание на еден стих од Библијата дневно, решив да се обидам да го сторам истото во мојот живот. Бев возбудена од новите сознанија споредувајќи ги стиховите со оригиналниот текст на еврејски или грчки јазик.

Во моментов, се обидувам да го подобрам моето знаење на монголскиот јазик со помош на Библијата. Со тетратката во која пишувам, прво го читам текстот на англиски, а потоа на монголски. Тоа е многу бавен процес, но се обидувам да поминам барем една глава дневно.

Читањето на монголски ми даде нова перспектива, бидејќи се користат различни зборови. Едно утро прочитав: „Ова е благослов со кој Мојсеј - Божјиот човек - ги благослови Израелевите синови пред својата смрт“ (5. Мојсеева 33,1).

На англиски, како и во македонскиот превод, пишува „Мојсеј, Божјиот човек“, но на монголски е „Мојсеј Божјата личност“. Се прашував, дали можам да кажам за себе: „Кејти е Божја личност“.

## Во врска со искуството

- Преземете ја листата со идеи за молитва на Кејт што таа ги користи за да го збогати својот молитвен живот. bit.ly/watch-and-pray-list.
- На сликата поврзана со оваа приказна, можете да ја видите Кејти со својата пријателка монголка.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq) .
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Мисинската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на оживување на религијата низ целиот свет. Целта продолжува да вели дека секој верник во црквата, без разлика дали е млад или стар, треба да биде вклучен во радосно сведочење за Христа, за да ги направат негови ученици. Цел бр. 5 зборува за мисионските иницијативи, без разлика дали се лични или јавни, со цел целосно вклучување на сите верници и нивен духовен раст, индивидуално и во рамките на семејството. За повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“, дознајте од: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Традиционалниот фестивал во Монголија, Надам, познат е како „трите игри за мажи“. Се состои од стрелаштво, трки со коњи и монголско борење Бок, што е слично на јапонското сумо борење.

**Нараторот:** На кој начин сведочите?

**Кејти:** Законите во некои држави каде што живеев им забрануваат на странците слободно да сведочат за Бога. Сепак, можете да ги натерате луѓето да ви поставуваат прашања, и сосема е во ред да одговорите на тие прашања.

Како личност која предава англиски јазик, на часовите ги замолувам учесниците на курсот да напишат нешто на лист хартија. Одвојувам време да разговарам за секоја белешка. Некои присутни ги отворија своите срца на овој начин.

Често работата е во тоа да бидеме љубезни кон луѓето и да ги повикуваме во нашиот дом. Луѓето обично се отвораат кога разговараат со вас лично во домашен амбиент. Затоа сакам да го подобрам моето знаење за монголскиот јазик.

Моите секојдневни молитви одекнуваат со зборовите на Савле, кога го видел Исуса на патот за Дамаск: „Господи, што сакаш да направам?“ Господ ни ја открива Неговата волја кога од Него бараме да ни каже што треба да направиме. Овој принцип е функционален во сите ситуации во секојдневниот живот.

Вашите дарови на 13. сабота ќе бидат употребени за отворање на адвентистички центар на влијание во главниот град на Монголија, Уланбатор.



МОНГОЛИЈА | 23 октомври 2021

# Три мистерии

**Бакул Ганболд, 30**

Три прашања не му давале мир на Бакул.

Како мало момче се прашувал зошто коњите се нарекуваат со тоа име, зошто кучињата се нарекуваат кучиња а волците волци. Меѓутоа никако не можел да одговори на прашањата кој им ги дал овие имиња на животните.

На улиците на главниот град на Монголија, видел билборди кои зборувале против пушењето. Го прашал својот татко зошто луѓето пушат цигари кога знаат дека тие лошо влијаат на нивното здравје. Таткото само се насмевнал. Не можел да му даде одговор зошто луѓето го прават тоа.

Мислите на ова момче се свртеле кон смртта, кога неговиот татко умрел откако му откажале бубрезите. Се прашувал, што се случува после смртта, но никако не можел да си одговори на ова прашање.

По татковата смрт, животот драстично се променил. Шеснаесетгодишниот Бакул нашол работа на пазарот за да и помогне на неговата мајка да ги прехрани трите помлади браќа и сестри. Почнал да пуши.

Еден ден, постарата сестра ги повикала преку телефон од Јужна Кореја каде што во меѓувреме се отселила и му предложила на Бакул да оди во црква.

„Оди во црквата во УБ", му рекла. Монголците под УБ подразбираат Улан Батор.

Бакул не бил христијанин и никогаш не ни помислувал дека ќе стане христијанин. Меѓутоа го повикал телефонскиот оператор за помош. " Ве молам, дајте ми адреса на некоја УБ црква", изговорил.

Оператерката му ја дала адресата, и тој почнал да оди на црковните служби.

Неколку месеци подоцна неговата сестра го запрашала дали оди во црква. Била задоволна кога и одговорил дека редовно ги посетува богослуженијата. "Како успеваш да пронајдеш време да одиш во црква секоја недела?", го запрашала.

„Недела"? ја запрашал. Јас во црква одам во сабота.

Неговата сестра била шокирана. „Во која црква одиш?" го запрашала.

Бакул ѝ објаснил дека оди на богослуженија во христијанската адвентистичка црква.

Во црквата една сабота некој ми даде книга која говореше за отфрлањето на лошите навики. Додека ја читав, станував се поубеден дека пушењето претставува грев. Во посланието до Коринќаните прочитав: „Не знаете ли дека вие сте храм Божји и Духот Божји живее во вас?" (1. Коринќаните 3,16) но и покрај тоа не можел да престане со пушењето.

Еден ден додека бил дома се заклучил во собата, извадил една кутија цигари и очајнички почнал да се моли.

„Ако постоиш Господе, помогни ми да престанам да пушам." Ја фрлил кутијата кон затворената врата. Земајќи длабоко здив, почувствувал радост и мир кои ја исполнувале неговата душа.

Следниот ден, ги претресувал своите џебови и извлекол една запалка. Одеднаш сфатил дека целиот ден воопшто не ни помислил на цигарите. Целосно ја изгубил желбата за пушење.

Во црквата ја извлекол запалката од џебот и возбудено ѝ рекол на учителката во саботната школа: "Оваа запалка не сум ја користел веќе четири дена."

„Го пронајде Исуса," му рекла таа. Во прва книга Мојсеева прочитал дека Адам им ги дал имињата на животните. Читал за големата борба меѓу Христа и сотоната, сознавајќи дека сотоната е тој кој ги наведува луѓето преку цигарите да го уништуваат своето здравје кое им е дар од Бога. Дознал дека смртта е како сон без соништа и кога некој ќе умре, тој ја губи својата свест

се до повторното Христово доаѓање. Му изгледало толку логично. Во Библијата ги пронашол одговорите на своите прашања. Набрзо му го предал своето срце на Бога.

Денес Бакул има 30 години и со својата сопруга е пионер на светската мисија на христијанската адвентистичка црква во Монголија. Тој им сведочи на своите сонародници одговорите на мистериите во сопствените животи да ги пронајдат во библијата.

Неговиот омилен стих во библијата се наоѓа во Еремија 29,13: „Ќе Ме побарате, и ќе Ме најдете, ако Ме побарате од сè срце."

Ви благодариме на дарувањата на 13-та сабота кои ќе помогнат да се изгради првото адвентистичко средно училиште во Монголија.

Вашите дарувања на 13. сабота ќе бидат употребени за отворање центри за промовирање на адвентистичкиот начин на живот во Улан Батор, главниот град на Монголија.

## Во врска со искуството

- Имајте на ум дека пионери на светската мисија се верници, лаици кои волонтираат најмалку една година од животот со цел основање цркви во местата меѓу својот народ кадешто нема адвентистичко присуство. Пионерите на светската мисија имаат предност поради познавањето на јазикот и културата, такашто може да се мешаат со луѓето од локалната средина. Моментално ширум светот дејствуваат повеќе од 2.500 пионери кои од 1990 година основале повеќе од 11.000 адвентистички цркви.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Северната азископацифичка дивизија:( bit.ly/nsd-2021)
- Мисионската приказна изнесува ставови на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам", зборува за целите на духовниот раст. Најважна цел е оживување на концептот на светската мисија и пожртвуваност за мисијата со цел сите верници на црквата а не само пасторите да бидат вклучени во радоста на сведочењето за Христа. Целта е зголемување на бројот на верници како во личните така и во јавните евангелски иницијативи заради масовна вклученост на сите верници. Целта број 6 зборува за пристапување, задржување и учество на децата и младината во активностите на црквата и нејзиниот духовен раст. Целта број 7 ќе им помогне на децата и младите Бога да го стават на прво место во своите животи на тој начин покажувајќи им го библискиот поглед на свет. На овој начин црквата сака да ги охрабри децата и младите да го применат верувањето дека телото е храм на Светиот Дух, да апстинираат од употребата на алкохол, цигари, рекреативно користење на дроги и други опијати, како и присвојување на останатите учења на Светото Писмо поврзани со бракот и сексуалната чистота. Повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква "Јас ќе одам" дознајте на: IWillGo2021.org.



# Вкусна евангелска порака

ЈАПОНИЈА | 30 октомври 2021

**Хасегава Харуе, 65**

Сакав да отворам ресторан во Јапонија, каде сите луѓе би можеле здраво да се хранат онака како што го сторив тоа во едно здравствено одморалиште во Алабама, САД.

Видете, јас и мојот сопруг одлетавме од Јапонија кон Алабама за да спроведеме еден третман на лекување на неговиот канцер. Тоа е адвентистичка установа за која слушнав дека докторите кои работат во тоа здравствено одморалиште би можеле да ни помогнат. Мојот сопруг не беше христијанин.

Додека се храневме со веганска храна и додека вежбавме, нашите тела почнаа да се менуваат. Изгубив неколку килограми, мојот сопруг престана да пуши, почна да ја чита библијата и набрзо беше крстен на библискиот институт.

Мојот сопруг умре една недела по крштавањето. Имаше само 56 години. Бев тажна но и спокојна поради надежта дека повторно ќе се видиме на небото.

Откако се вратив во Јапонија ја погледнав мојата заштеда и сфатив дека имам повеќе од доволно за живот. Сакав да ги употребам тие пари за ширење на евангелието во Јапонија, каде само 1 процент од населението се христијани. Почнав да се молам. “Драги Господе што да правам?”

Еден ден ја читав Библијата во текот на моето утринско богослужение, “Место трн ќе израсне кипарис; место коприва ќе израсне мирта, и тое ќе биде за слава на Господ, за вечен знак, неразрушив. (Исаија 55,13)

Во тој момент знаев дека сакам да отворам ресторан во кој луѓето би можеле здраво да се хранат и подобро да се чувствуваат, слично како јас во Алабама. На тој начин ќе можев да сведочам за Исуса. Одлучив ресторанот да го наречам Мирта врз основа на стихот од Исаија.

Истиот ден додека пешачев по улицата недалеку од Токио видов една парцела која се продаваше. Во близина се наоѓаа три адвентистички цркви. Ја купив парцелата и платив за изградба на ресторанот.

Да бидам искрена, не знаев ништо за работата во ресторанот, па поради тоа одев на еден адвентистички вегетаријански кулинарски семинар на која добив идеја врз основа на која ги осмислив јадењата во мојот ресторан.

На денот на отворањето дојде мноштво народ. Внатре беше хаотично. Јас и понатаму не знаев ништо за водење на ресторанот. Еден од гостите, бивш агент на осигурителната компанија ја познаваше сопственичката на кафаната што се наоѓаше во наша близина. Таа жена многу ми помогна.

Работата тргна многу добро. Мирта е еден од неколкуте целосно вегетаријански ресторани во Токио. Рано наутро јас одам на работа во заводот на осигурување, потоа во 11 часот одам во ресторанот и ги служам муштериите за време на ручекот до 14 часот. Потоа, повторно се враќам во осигурителниот завод. Се разбира ресторанот е затворен во сабота.

Овој ресторан ми пружи можност да направам нешто повеќе отколку служењето на здрава храна на луѓето. Една госпоѓа, наша редовна гостинка имаше рак на дојката и ми барање некои информации за здравиот начин на живот. Јас ѝ подарив дел од нашата адвентистичка литература посветена на здравјето. Една друга личност, помлада жена ми рече дека доаѓа во ресторанот за да запознае нови пријатели. Ја повикав да дојде во нашата црква и таа дојде неколку пати.

Главна цел на постоењето на овој ресторан е да ги упати луѓето на Исуса Христа. Елена Вајт вели: „Нашите ресторани мора да бидат во градовите, бидејќи во спротивно работниците во нив не би можеле да досегнат до луѓето и да ги поучат на здравиот начин на живот" (Selected Messages, Vol. 2, p. 142).

Токму од таа причина го отворив овој ресторан. Тоа е Божји ресторан. Бог ми помага да го водам и ме води во работата поблизу до Него.

## Во врска со искуството

- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од северно-американската пацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам", зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за оживување на концептот на светската мисија, жртвување за мисијата со цел сите верници а не само пасторите да бидат вклучени во радоста на сведочењето за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници во црквата кои ќе учествуваат во личните и евангелските иницијативи во кои ќе бидат вклучени сите верници. Повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква "Јас ќе одам" ќе дознаете на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првиот адвентист кој дошол во Јапонија бил Аврам Лара, американски мисионер кој работел во Кина во 1889 г. Лара неколку пати патувал за Јапонија делејќи ги адвентистичките публикации во Јокохама и Кобе. Стивен Хаскел (1833-1922) отишол во 1890 г. во Јапонија и известил во Ривју и Хералд (26/08/1890) дека имало крштевања како и почитување на саботата од страна на неколку семејства.






# Евангелието крај ориз во кари сос

**Сара, 14**

Сара секоја сабота оди во христијанската адвентистичка црква во Јапонија. Таа не е адвентист. Нејзиното семејство не е адвентистичко. Во нејзиното семејство дури и нема христијани. Причината поради која таа оди во црква е затоа што сака да јаде во детскиот ресторан, кој секоја сабота работи во рамките на црквата.

Четиринаесетгодишната тинејџерка ужива да јаде суши, но посебно ужива во сабота кога ресторанот служи ориз во кари сос. Ова јадење е многу популарно помеѓу јапонските школски деца. После ручекот таа се придружува кон останатите деца во слушањето на приказните од библијата, пеењето песни и играњето различни игри.

Сара почнала да доаѓа во црква кога имала 6 години. Нејзината самохрана мајка ја праќала во црква поради здравите оброци.

Сара и нејзината мајка можеби не изгледаат сиромашно бидејќи Јапонија се смета за богата држава. Меѓутоа економската политика е ефектите на глобализацијата создаваат се поголем јаз помеѓу оние кои имаат и оние кои немаат. Резултатот на тоа не е апсолутното сиромаштво во кое децата умираат од глад, туку релативното сиромаштво во кое децата живеат далеку под просечниот стандард на живот во кое остануваат зад децата кои живеат во богатите семејства. Едно од седум деца денес во Јапонија живее на таков начин.

Релативното сиромаштво е присутно во домовите на самохраните родители како што е мајката на Сара. Во такви услови родителите не можат да обезбедат соодветни оброци за своите деца или да ги испратат на активности по завршување на училиштето, како на пример, часови по музика или спострски активности. Родителите имаат малку време на располагање кога треба да им помогнат на своите деца околу домашните задачи и немаат пари да ангажираат дополнителни професори како што прават побогатите семејства.

Кога градската власт на Кашива, град од 400.000 жители во непосредна близина на Токио, одлучила да понуди финансиска помош на органи-

зациите кои ги хранат децата од сиромашните семејства, црквата испратила барање и добила средства. Помеѓу десет и триесет деца редовно почнале да доаѓаат во црква во сабота поради здравите оброци кои биле послужувани од верниците и другите волонтери.

Сара било едно срамежливо девојче кога за прв пат се појавила во црквата поради ручекот и играњето со другите деца. Нејзе и се допаднала храната и библиските активности. И се допаднало вниманието кое другите верници и го укажувале такашто почнала да доаѓа секоја сабота.

Со текот на времето почнала да помага во организацијата околу попладневните програми за помали деца. Потоа била повикана во летниот библиски камп. На ова кампување одлучила да го предаде својот живот во Исусови раце. По враќањето од кампирањето ги изнела овие новости на нејзината мајка, но таа воопшто не била задоволна.

## Во врска со искуството

- Сара е псевдоним кој се користи поради нејзината приватност.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од северно-азиско пацификчката дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам", зборува за целите на духовниот раст. Целта број два зборува за јакнењето и диверзификацијата на мисионските активности во големите градови помеѓу нехристијанските религии. Повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква Јас ќе одам" дознајте на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првите адвентистички мисионери кои биле испратени во Јапонија биле В.Ц.Грејнџер (1844-1899), бивш претседател на Хилдбург колеџот, подоцна Пацифик Унион Колеџ во Калифорнија и Т.Х.Окохира, јапонец бивш студент на Хилдбург. Тие стигнале во Токио 19/11/1896 година и го основале библиското училиште Шиба, кое набрзо после тоа го посетувале околу 60 млади момчиња.
- Терухико Х.Окохира (1865-1939) е роден во влијателно семејство во провинцијата Сакума. Додека учел стопанско училиште во САД најпрвин бил обратен во методистичката а после тоа и во адвентистичката црква во Сан Франциско. Почнал да го посетува Хилдбург колеџот во 1894 година и пред крај на школската година упатил повик до младите луѓе да му се придружат во Јапонија за да го шират евангелието. Деканот на колеџот одговорил на повикот и во 1896 година Генералната Конференција ги испратила во Токио. Окохиро и другиот јапонски мисионер Х.Куни биле помазани за први јапонски адвентсистички свештеници.

„Ќе мора да почекаш да бидеш доволно возрасна за да донесуваш сопствени одлуки" и рекла мајка ѝ. Тоа значело дека морала да почека уште четири години за да биде крстена. Според јапонските закони, детето не може да донесе таква одлука без одобрување од родителите и пред полнолетството. Тогаш Сара имала 14 години.

Верниците на црквата биле тажни кога Сара ги пренела мајчините зборови. Молете се и за другите деца кои секоја сабота во адвентистичката црква во Кашива се хранат, играат и учат за Исуса. Тоа е еден урбан центар на влијание кој копнее да ја шири Исусовата љубов во источно јапонската област на христијанската адвентистичка црква.

Ви благодарам на вашите мисионски дарувања кои помагаат во ширењето на евангелието покрај оброците од суши или ориз во кари сос.



# Изгубеното јагне

ЈАПОНИЈА | 13 ноември 2021

**Чи Кињама, 43**

Бев многу охрабрена за време на пандемијата на круната. Заедно со мојот сопруг водиме училиште за англиски јазик во Осака, град со 2,7 милиони луѓе во Јапонија. Училиштето беше затворено поради пандемијата. Меѓутоа, пред јапонската влада да прогласи вонредна состојба, воспоставивме часови преку Интернет, и бевме навистина изненадени што успеавме да задржиме 90% од нашите ученици.

Сепак, јас бев уште повеќе воодушевена од една 60-годишна госпоѓа по име Чикаго, која ме контактираше среде пандемијата. Се знаеме околу 13 години, но изгубивме контакт една со друга во последните 2 години. Еден ден додека одев од канцеларија до дома, добив нејзина порака преку порака на Фејсбук.

„Сакам да дојдам во вашата црква без оглед на пандемијата", гласеше пораката.

Чикако не беше христијанка. Бев изненадена што таа сака да знае повеќе за Исуса, па јас ѝ одговорив кратко за христијанството и како станав христијанка.

Се договоривме да се сретнеме во сабота по службата.

За време на нашата средба, ѝ ја кажав парабола за изгубената овца. Таа внимателно ги слушаше зборовите на Исус: „Кој од вас, ако има сто овци, и загуби една од нив, не ќе ги остави деведесет и деветте во пустината и не ќе отиде по загубената, додека не ја најде. А кога ќе ја најде, ќе ја крене, радувајќи се, на своите рамена и кога ќе дојде дома ќе ги повика пријателите и соседите и ќе им рече: 'Радувајте се со мене, зашто ја најдов својата изгубена овца!' Ви велам: така ќе биде на небото, поголема радост за еден грешник, кој се кае, отколку за деведесет и девет праведници, кои немаат потреба од каење" (Лука 15,4-7).

## Во врска со искуството

- Замолете една жена да ја раскаже оваа приказна како нејзино лично искуство.
- Преземете слики од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 е заживување на концептот на мисијата во светот и жртвување за мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радоста да сведочат за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верниците кои ќе учествуваат и во личните и во јавните евангелски иницијативи со цел тотална вклученост на сите верници. Целра бр. 2 зборува за зајакнување и диверзификација на мисионските активности во големите градови, како и меѓу нехристијанските религии. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Национален спорт на Јапонија е Сумо борењето. Тоа е еден вид борење во кое двајца натпреварувачи се обидуваат да се истуркаат меѓусебно од означениот кружен простор (4,5 метри во обем), или да го соборат противникот на подот.
- низ целиот свет е Суши (ориз зачинет со оцет послужен со разни морски плодови и зеленчук.
- Јапонија е дел од пацифичкиот „огнен појас" во кој има повеќе од 100 активни вулкани, што ја прави подложна на земјотреси и цунами.

Чикако веднаш се идентификуваше со изгубената овца. Таа рече дека Исус ја викал да го следи со години, но сакала да донесе одлука кога таа сметала дека е вистинското време. Нејзините следни зборови ме одушевија: „Знам дека Исус ме повикуваше како неговата изгубена овца, и јас го игнорирав. Меѓутоа, сега престанав да го игнорирам и сакам да се крстам“.

Ми беше јасно дека Светиот Дух работи на нејзиното срце, особено за време на пандемијата. Бев многу среќна што можев да сведочам за Исусовата љубов и Неговите учења.

Потоа се сретнавме уште неколку пати. Една сабота, додека разговаравме за тоа зошто Исус умрел на крстот, ја трогна приказната за разбојникот на крстот, кој во последните моменти од својот живот избрал да умре како вистински Исусов верник. Чикако беше трогната од фактот дека Исус е секогаш подготвен да прости и да љуби. Сфати дека се обидува да најде радост и мир на свој начин, но дека секогаш остануваше незадоволна во себе.

„Посакувам да бидам како разбојникот на крстот и да го прифатам Исуса“, рече таа.

Коронавирусот можеби ни го отежнува животот, но не може да го спречи Исуса да ги привлече луѓето кај себе.

Тој изјавува: „И други овци имам, што не се од овој овчарник; и нив треба да ги доведам, па ќе го слушаат Мојот глас и ќе биде едно стадо и еден Пасти“ (Јован 10,16).

Исус работи во нашиот животи дури и кога не го гледаме или чувствуваме. Исус нѐ повикува по име и ќе нѐ спаси кога ќе му се предадеме.

Ковид 19 го направи работењето преку Интернет, како што се часовите по англиски јазик, уште поважно за можноста за ширење на евангелието.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за проект кој ќе му помогне на јапонскиот народ, особено на младите луѓе, да го запознаат Исуса преку Интернет.

Ви благодариме што планирате да ги одвоите и великодушно да ги приложите своите средства.



# Молитвите на бизнисмен

ЈУЖНА КОРЕЈА | 20 ноември 2021

**Кијонг Квон, 56**

Кога Кијонг се моли, се случуваат неверојатни работи.

Додека се молел, овој сопственик на сметководствена агенција во Јужна Кореја, го почувствувал повикот да основа адвентистичка црква.

Црковните водачи му ја дале поранешната црковна зграда недалеку од неговиот дом. Четириесет луѓе се крстиле во првата година.

Додека продолжил да се моли, бројот на крстени пораснал на 98 за 2,5 години. Кијонг одлучил да се моли за 100 крстени луѓе.

„Те молам, нека има 100 крштевања“, се молел тој.

Кога ги отворил очите, одеднаш се сетил на една жена што ја немал видено 3 години. Малку се распрашал за неа и дознал дека жената отворила детска уметничка школа. Купил букет шарени цвеќиња и отишол во школата.

Во разговорот со неа, Кијонг ги опишал своите активности во врска со основањето на црквата. Тој рекол дека 98 луѓе му го предале своето срце на Исуса.

„Вие ќе бидете личноста што ќе о заокружи бројот сто“, рекол тој.

„Во ред, сакам да бидам стота по ред“, одговорила жената.

„Прекрасно!“ рекол Кијонг. „Но, најпрво ќе треба да следите библиски часови. Утре ќе дојдам кај вас дома во 19:30 часот за да почнеме да ја проучуваме Библијата“.

Застанал, а потоа додал: „Потрудете се да биде присутен и вашиот сопруг“.

Кијонг го споменал нејзиниот сопруг затоа што му недостасувале 2 лица за да има 100 крштевања.

Кога Кијонг ја напуштил уметничката школа, жената се јавила на својот сопруг по телефон.

„Кјонг ќе дојде кај нас дома утревечер да нè поучи за Библијата“, му рекла таа.

Нејзиниот сопруг, како Кијонг, бил успешен бизнисмен. Меѓутоа, тој не бил христијанин. Тој ги обожавал своите предци и богови во храмовите. Неодамна одлучил да ги подобри своите вештини по англиски јазик за подобро и поуспешно да го води својот бизнис. Од таа причина, тој купил многу книги на англиски јазик за да му помогнат да напредува во учењето. Една од книгите била Библијата.

Меѓутоа, кога почнал да ја чита Библијата малку бил збунет. Човекот ја читал во неговата канцеларија, но се борел да ја разбере. Тој разбирал англиски зборови, но не можел да го разбере значењето. На крајот, во очај, одлучил да се моли на Бога од Библијата.

„Ако навистина си Бог, испрати ми некој да ме упати во проучувањето, да разберам што кажува Библијата", рекол тој гласно.

Во тој момент, заѕвонил неговиот телефон. Тоа била неговата сопруга.

„Кијонг ќе дојде кај нас дома утре вечер да нè поучува за Библијата", рекла таа.

## Во врска со искуството

- Кијонг основал три цркви во Јужна Кореја.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информации и брзите факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на мисијата низ целиот свет и за жртвување на времето, средства во таа мисија, која ги вклучува не само пасторите, туку и верниците на црквата, младите и старите, во радосно сведочење на луѓето за Христа, правејќи ги Негови ученици. Целта бр.1 понатаму зборува за зголемување на бројот на верници од црквата кои учествуваат, како во јавните мисионски активности, така и во поединечните, во личниот духовен живот, со цел целосно вклучување на сите верници во духовниот раст. Целта бр. 2 зборува за зајакнување и диверзификација на мисионските активности во големите градови, како и меѓу нехристијанските религии. За повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам", дознајте на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првите Корејци што станале адвентисти биле Ли Еунг Хјун и Сон Хјунг Чо, кои се обратиле во Коби во Јапонија во 1904 година, кога Ли Еунг Хјун видел една табла со натпис на кинески (со слични знаци како што се јапонскиот и корејскиот). На таблата пишувало: „Црква на седмиот ден - сабота и на второто Христово доаѓање". Тој веќе бил христијанин и го заинтересирал овој знак. По распрашувањето и разговорот со Хиде Куни, евангелист што го повикал Сон Хеунг Чо да отидат заедно во таа црква. Наскоро овие две лица се крстиле. Сон Хеунг Чо потоа се вратил во Кореја каде што почнал да ја пренесува адвентната порака. Подоцна истата година, тој го повикал Хиде Куни да дојде во Кореја да им проповеда на преобратените.

Тој бил зашеметен. Седел неподвижно некое време. Се чувствувал како молња да му тече низ телото, од главата, надолу низ ‘рбетот, до прстите на нозете.

Следниот ден, Кијонг пристигнал во домот на оваа брачна двојка и бил изненаден кога видел дека со нетрпение чекаат да ја проучува Библијата. Нивните две возрасни деца исто така биле со нив и сакале да дознаат за Бога, кој толку брзо одговорил на молитвите на нивниот татко.

Семејството ја проучувало Библијата со Кијонг, прифаќајќи го сето она што го слушале и читале. Тие му ги предале своите срца  на Исус. Одговарајќи на молитвите на Кијонг, Бог не дал сто крстени, туку 102-ца.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје, ќе бидат употребени за ширење на евангелието во Јужна Кореја преку два проекти: згрижувачки центар за децата имигранти во градот Ансан и мисионски центар во градот Даегу.

Ви благодариме што планирате да издвоите и великодушно да приложите средства за ширење на радосната вест во ова подрачје.





ЈУЖНА КОРЕЈА | 27 ноември 2021

# Помош од небото

**Давид Ким, 53**

Давид ја возел својата Тојота. Слегувајќи од автопатот, тој се движел по подолг зафлен пат. Ја следел навигацијата со ГПС, тргнувајќи на важен состанок во црква во американската сојузна држава Јута.

Одеднаш тој добил предупредувачка порака на неговиот мобилен телефон. Понатамошното движење по тој пат било опасно. Само теренски возила можеле да ризикуваат и да се движат на тој пат.

Давид поминал значителна далечина со својот автомобил со средна големина и едноставно не можел да сврти и да се врати назад. Колку е лош тој пат? И покрај сомнежите и колебањата, тој дополнително ја притиснал педалата за гас.

Неколку минути подоцна, тој добил уште една предупредувачка порака на својот мобилен телефон. Ја игнорирал.

По извесно време асфалтот одеднаш завршил и тој почна да вози по земјен пат. Додека возел нагорно одредено кратко растојание, моторот на автомобилот одеднаш се изгасил. Го свртел клучот, дал контакт и верглал, но ништо не се случило. Се обидел неколку пати, но безуспешно.

Пред него можел да види огромна висорамнина од песок и мали грмушки. Неговиот мобилен телефон немал опсег, а немало ниту други возила.

Одеднаш, Давид се почувствувал исплашен, осамен среде пустелија. Тој бил компјутерски програмер од Јужна Кореја, кој сега се наоѓал среде зафрлени песочни дини во Соединетите држави.

„Што ако се појават некои диви животни?“, помислил тој.

Излегол од автомобилот, клекнал на земја и се молел: „Господи, те молам прости ми што ги игнорирав знаците за предупредување и упорно возев овде. Не знаев дека ова ќе се случи. Сепак, одржувам семинар во таа црква оваа сабота. Дали направив нешто погрешно?“

Неговото срце било исполнето со мешавина од депресија, страв и вознемиреност. Заборавил дека Бог го водел додека често патувал во текот на претходните три месеци, држејќи семинари за тоа како верниците на црквата можат да мисионираат преку интернет и преку социјалните мрежи.

Пет минути по молитвата, виде како полека му се приближува возило пикап.

Една постара брачна двојка застанала кога го виделе на патот. „Што ви се случило?“ прашал човекот, излегувајќи од пикапот.

Давид му кажал за моторот кој се изгасил и не сакал да се запали. Постариот човек влегол во автомобилот на Давид и се обидел да го запали моторот. Ништо не се случило. Тој му го вратил клучот на Давид и му понудил да го однесе десетина километри понатаму до место каде што мобилните телефони можеле да фатат сигнал. Благодарност го исполнила срцето на Давид. Може да се јави во влечна служба за да му помогнат.

Меѓутоа, одеднаш, постариот човек повторно го побарал клучот од автомобилот на Давид за да се обиде да го запали моторот уште еднаш, велејќи му на Давид да седне до него на совозачкото седиште. Давид бил сигурен дека тоа е губење време, бидејќи и двајцата веќе безуспешно се обиделе да го запалат моторот.

Брм, брм!

Овој звук на моторот звучел како музика за ушите на Давид. Моторот еднаш оживеал. Постариот човек нежно ја притиснал педалата за гас, а автомобилот полека се придвижил напред. Давид не можел да им поверува на своите очи.

„Благодарам! Благодарам!“ извикал пресреќен.

Поздравувајќи ја оваа постара брачна двојка, тој го свртел автомобилот и се вратил назад на главниот пат. Му се заблагодарувал на Бога долж целиот пат. Иако не обрнувал внимание на знаците за предупредување, Бог му пружи помош од небото на оддалечен пат, за да може да стигне да го одржи својот семинар.

Дејвид Ким, како многу други адвентисти од Јужна Кореја, работат како мисионери низ целиот свет.

Ова тримесечје адвентистичката црква од целиот свет има можност да помогне да се остварат два мисионски проекти на 13. сабота во Јужна Кореја: центар за грижа за деца имигранти во градот Ансан и мисионски центар во градот Даегу.

## Во врска со искуството

- Давид организира и води две веб-страници: 3AMS.com, која ги нуди списите на Елена Вајт на корејски, кинески, шпански, португалски, француски, холандски, руски, романски, јапонски и англиски и sabbathtruth.or.kr, која нуди збирка на текстови за сабота.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на мисија низ целиот свет и за жртвувањето време и средства во таа мисија, која ги вклучува не само пасторите, туку и верниците во црквата, младите и старите, во радосно сведочење на луѓето за Христа, правејќи ги Негови ученици. Целта бр. 1 понатаму зборува за зголемување на бројот на верниците во црквата кои учествуваат и во јавните мисионски активности и во поединечниот личен духовен живот, со цел целосно вклучување на сите верници во духовниот раст. Повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ дознајте на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во февруари 1943 година, за време на Втората светска војна, црковните водачи во Кореја биле уапсени од јапонските окупациски власти и останале во затвор до крајот на годината. Како резултат на тортурата што им била извршена во затворот, неколку од нив им подлегнале на повредите. Вкупно 40 адвентисти биле уапсени поради нивните верувања. Многу други успеале да избегаат криејќи се во планинските области на Кореја, од каде се вратиле дури кога војната била завршена.
- Седиштето на Северната азископацифичка дивизија се наоѓа во градот Гојанг, кој се наоѓа во близина на главниот град Сеул.



ЈУЖНА КОРЕЈА | 4 декември 2021

# СОС мисионство

**Јанг Со Хи, 19**

Како тинејџерка сонував да станам мисионерка. Но, на кој начин?

Мојот татко умре кога бев мала а мојата мајка беше единствената христијанка која ја познавав. Моите роднини беа шамани односно луѓе кои ги славеа нашите предци во мојот роден град во Јужна Кореја.

Еден ден мајка ми ми рече дека има радосни вести. “Познавам еден професор кои испраќа мисионери во други држави и тој би сакал да разговара со тебе околу твојата желба,” ми рече таа.

Бев многу возбудена. Договорив состанок со професорот. Пешачејќи кон местото за состанок неколку дена подоцна, поминав покрај група тинејџери кои носеа маици на кои пишуваше “SOS.”

Ме повикаа на евангелски состанок кои беше наменет за младите во блиската адвентистичка црква и со драга волја отидов со нив во нивната убава дрвена црква.

Кога пасторот дозна дека сум христијанка ме праша дали сум запозната со денот за одмор. Јас ја празнував неделата.

Пасторот ми објасни за саботата како седми ден од седмицата.

Додека зборуваше, моето срце почна да гори.

Во тој момент ми заѕвони телефонот. Тоа беше професорот кој ме чекаше. Ситуацијата беше многу чудна. Толку сакав да разговарам со него, но зборовите на пасторот делуваа уште посилно на мене. Ја одложив нашата средба за следниот ден.

Таа вечер дознав за саботата, Христовото второ доаѓање, судот, Божјето спасение, големата борба меѓу доброто и злото. Моето срце беше исполнето со радост.

Следниот ден, повторно дојдов во убавата дрвена црква да запознаам уште некоја вистина од библијата. Додека бев тука ме повика професорот. Му реков дека сум зафатена бидејќи ја проучувам библијата во

христијанската адвентистичка црква. Тој налутено ми рече дека вистинските христијани не ги следат истите доктрини како адвентистите и ми го објасни неговото верување. Пасторот кој седеше покрај мене ја слушна нашата конверзација. Ми рече дека доктрините на професорот звучеле како оние кои ги поучува групата христијани кои своите учења ги базира на дејствувањето на Светиот Дух. После разговорот проверивме и констатиравме дека ваквите учења ги презентира пентакосталната црква. Мојата мајка припаѓаше на оваа групација.

Бев тажна и збунета бидејќи мајка ми се обидуваше да ме измами за да се придружам на нејзината група.

Ја молев да ја проучува библијата со пасторот на адвентистичката црква, но таа налутено одби.

Не бев сигурна што треба да правам.

Пасторот предложи да се запишам на адвентистичкиот универзитет Сахмјук. "Таму ќе можеш уште под-

## Во врска со искуството

- Замолете една помлада женска личност да ја изнесе оваа приказна како лично искуство.
- "СОС" (Salvation, Only Jesus, Service) - Спасение преку Исусовата служба е јужнокорејски младински мисионски проект со основна цел да им помага на младите луѓе. Ова движење настана 2015 год. меѓу младите во југоисточно корејската област на адвентистичката црква. Во текот на една недела за време на училишниот распуст, СОС тинејџерите им приоѓаат на другите тинејџери на улица повикувајќи ги да дојдат во црква за да ја проучуваат библијата со цел да ги предадат своите жи- воти на Исуса преку библиско крштевање.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2021.
- Мисионската приказна изнесува ставови на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам", зборува за целите на духовниот раст. Најважна цел е оживување на концептот на светската мисија и пожртвуваност за мисијата со цел сите верници на црквата а не само пасторите да бидат вклучени во радоста на сведочењето за Христа. Целта број 6 зборува за пристапување, задржување и учество на децата и младината во активностите на црквата и нејзиниот духовен раст. Целта број 7 ќе им помогне на децата и младите Бога да го ставаат на прво место во своите животи на тој начин покажувајќи им го библискиот поглед на свет. Повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква "Јас ќе одам" дознајте на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Јужна Кореја некогаш била богата со сибирски тигри. Меѓутоа, како што растело населението во земјата, тигрите ги ловеле речиси до истребување. Денес, тие можат да се најдат само во Северна Кореја.

лабоко да ја проучуваш библијата и да ја водиш твојата мајка кон вистината,” ми рече.

Кога почнав да студирам на универзитетот лутината на мајка ми се намали. Јас и раскажував за новите работи кои ги учев и намерно оставав библиски материјали по целата куќа.

Малку по малку, почна да ги гледа адвентистичките видеоклипови на Јутјуб и да ги чита адвентистичките списанија. Со Божја милост дипломирав на универзитетот во 2020 година.

Потоа собирањата на групата на мајка ми се претворија во голем извор на корона вирус и тоа ескалираше во една од најголемите зарази со корона во цела Кореја. Илјадници луѓе, вклучувајќи ја и мојата мајка се заразија од корона.

Му благодарам на Бога, брзо се закрепне, меѓутоа нејзината црква мораше да биде затворена а богослуженијата забранети. Верувам дека Бог ги водеше настаните со цел мајка ми подобро да го запознае.

Јас посебно ги сакам Исусовите зборови: ”Бидејќи човечкиот Син дојде да го пронајде и спаси изгубеното” (Лука 19,10).

Кога ќе погледнам што се случуваше, можам да го видам Божјето провидение како ме водеше да ги запознаам мисионерите и да го сфатам учењето на црквата на мојата мајка.

СОС означува (Спасение преку Исусовата служба- во превод на корејски).

Планирам да станам СОС мисионер за да и служам на мојата мајка и на другите луѓе во светот. Овој план е одговор на мојата желба од детството.

Со Хи е една од многуте адвентистки во Јужна Кореја кое со цело срце е предадена на мисионството.

Ова тримесечје верниците на црквата ширум светот имаат можност да ја покажат својата подготвеност за помош на мисијата на христијанската адвентистичка црква во Јужна Кореја.

Дел од даровите на 13-та сабота ќе бидат употребени за основање на мисионски центри во два градови.





# Вакцината на љубовта

Јанг Донг Вун, 65

Бип, бип, бип. Неколку пати на ден, итни текстуални предупредувања се појавуваат на мојот мобилен телефон. Пораките содржат информации за вирусот корона и предупредувања дека не треба да го напуштаме својот дом.

Областа на Јужна Кореја каде што живеам беше прогласена за зелена ковид-зона за време на пандемијата „Ковид -19“.

Но, тогаш пациентот број 31 го донесе вирусот во мојата област кога присуствуваше на собирот на една христијанска група. Овој настан се покажа како извор на инфекција. Мојот град брзо стана најинфицираниот во државата, со стотици потврдени случаи на вирусот дневно. Бројот на потврдени случаи скокна на 6.000 за помалку од еден месец по настанот. Додека националните медиуми секојдневно известуваа за мојата област, луѓето во Јужна Кореја гледаа на нас како извор на вирусот низ целата земја.

Се чинеше како сè да запре во еден момент. Немаше луѓе во супермаркетите, пазарите, рестораните.

Никој не купуваше ниту продаваше. На улиците можеше да се види само по некое возило. Невидливиот вирус брзо го собори видливиот свет на грб.

Мојата црква исто така беше погодена од вирусот. Слободно сведочев за Христовата љубов пред многу години, но моето обожавање на Бога во црквата и мисионските активности беа прекинати. Се прашував дали Божјата црква ќе биде принудена да ги затвори своите врати. Дали треба тивко да се откажеме од повикот да го шириме Евангелието и да чекаме да се подобри ситуацијата?

Не можев да го направам тоа.

Кога светот се затвори, јас се молев.

„Оче мој, знам дека оваа светска криза е нова можност за Тебе. Каде ќе ме насочиш, и што да правам?” Се молев одново и одново.

Низ темнината протечеше зрак на светлина. Се сетив дека научив како да направам средство за дезинфекција на раце на еден семинар за здравје што се одржа во црквата.

„Една од работите што им треба на луѓето сега е средство за дезинфекција на рацете“, си помислив.

Со помош на здравственото одделение, верниците од мојата црква направија околу 1.000 шишиња средство за дезинфекција на раце и ги поделија на пазарите на отворено.

Стававме маски и ракавици со средството за дезинфекција. Луѓето ни рекоа дека во тоа време тоа бил најомилениот подарок во светот што можеле да го добијат. Тие покажаа благодарност од срце.

Не го објавивме името на нашата црква, но многу луѓе нè прашуваа: „Од каде доаѓате? Или каква организација застапувате?“

Потоа одговоривме дека сме претставници на Христијанската адвентистичка црква.

Оваа криза стана нова можност. Божјата љубов што ја пока-

## Во врска со искуството

- Замолете помлада жена да ја раскаже оваа приказна како нејзино лично искуство.
- Јанг Донг Вун служи како ѓакон и секретарка на мисијата за Централната црква Гјеонсан. Таа, исто така, раководи со службата на жени во југоисточната корејска област на Христијанската адвентистичка црква.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Северната азископацифичка дивизија на: bit. ly/nsd-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на мисијата низ целиот свет и за жртвување на времето, средства во таа мисија, која ги вклучува не само пасторите, туку и верниците на црквата, младите и старите, во радосно сведочење на луѓето за Христа, правејќи ги Негови ученици. Целта бр. 2 зборува за зајакнување и диверзификација на мисионските активности во големите градови, како и меѓу нехристијанските религии. За повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“, дознајте на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Најпопуларното и најпознато јадење на корејската кујна е Кимчи (јадење направено од разни ферментирани зеленчуци зачинети со лута пиперка.

жавме со нашите постапки ги стопи замрзнатите срца од Ковид.

Бог ми даде друга идеја. Јужна Кореја доживеа паника во целата нација кога маските исчезнаа од пазарот. Имаше долги редици луѓе што чекаа да купат маски зашто немаше во доволни количини во продавниците.

Се прашував како можам да им помогнам на овие исплашени луѓе.

Додека размислував за тоа, се сетив дека учев како да користам машина за шиење кога бев помлада. Почнав да шијам маски од платно во мојот дом.

Додека полека правев маска по маска, другите верници од црквата слушнаа за оваа моја иницијатива и доброволно се пријавија да ми помогнат.

Нивното учество ми даде храброст и сила. Најмногу од сè ми беше драго што ги видов верниците во црквата што се откажаа од мисионската работа поради Ковидот, како сега работат на заживување на нивната мисионерска работа во Христово име.

Нашиот Бог е Семоќен Бог, и Тој честопати користи кризи за да ни отвори нови можности. Луѓето, разделени поради социјалното дистанцирање, сега беа привлечени кон заедницата преку средства за дезинфекција на раце и маски.

Мојата црква стана место што ја шири вакцината на љубовта, најдобрата вакцина во секоја криза.

Распределивме 3.000 шишиња средства за дезинфекција на раце и неколку стотици маски.

Преку мисионските активности што ги придвижува Бог, се молам светот да биде исполнет, не со страв од Ковид 19, туку „земјата ќе се исполни со знаење за Господа, како што морињата се полнат со вода“ (Исаија 11,9 - втор дел.)

Дел од даровите на 13. сабота во ова тримесечје, ќе бидат искористени за изградба на мисионски центар во областа на Јужна Кореја, во којашто се наоѓа црквата во која оди Јанг Донг Вон.



# Селска црква

ТАЈВАН | 18 декември 2021

**Gao Xiu-yue, 68**

Оваа приказна е за Кси Јуе, шеесет и осумгодишна жена која живее во северен Тајван. Таа изнесува факти од животот на староседелците на Тајван. Пред три години, дел од даровите на 13. сабота беа искористени за ширење на Евангелието меѓу луѓето од автохтоно потекло. Ова тримесечје даровите на 13. сабота ќе се искористат за отворање на три урбани центри на влијание наменети за староседелците, како и за другите луѓе на Тајван. Ви благодариме што го поддржувате ширењето на Евангелието меѓу сите народи.

Јас немам автомобил, не знам да возам мотор, па дури ни велосипед. Единствениот начин на кој можам да одам во црква во сабота е со такси.

Моите излегувања во сабота ми создаваа многу проблеми во бракот. Мојот сопруг, кој не беше адвентист, секогаш беше вознемирен кога одев во сабота во црква во моето родно село.

Живеевме во голем град во северен Тајван, без ниту една адвентистичка црква. Моето родно село се наоѓа на планина, далеку од нас. Мојот сопруг беше болезлив и не сакаше да ја напушти куќата. Една сабота, кога се вратив од црква и го поставив ручекот, тој ја фрли храна на подот.

„Ти се грижиш само за црквата!“ викаше силно. „Воопшто не ти е грижа дали сум жив или мртов.“

Јас се грижев за црквата, но се грижев и за него. Не знаев што да правам. Се чинеше дека кога и да посакам да му бидам верна на Бога, тогаш непријателот најмногу ме напаѓаше.

Мојот син беше тешко повреден во несреќа додека служеше задолжителен воена рок. Заминав од нашиот дом за да можам да се грижам за него. Додека бев далеку од мојот дом, мојот сопруг ненадејно почина. Се чувствував одговорна за неговата смрт, бидејќи можеби можев да му помогнам, да бев дома. Ме исполни длабока тага. Се чувствував така што цел месец не можам да се молам ниту да ја читам Библијата. Меѓутоа, полека сфатив дека Бог ја има контролата и дека има прекрасен план за мене.

Сфатив и дека Бог има прекрасен план и за нашата селска црква. На нашата црква ѝ требаше реновирање, а цената ја проценивме на 100.000 тајвански долари (3.550 US$). Тоа беше голема сума за нас од селото, членови на автохтоната група луѓе Атајал.

Нашето реновирање на црквата наиде на многубројни проблеми.

Прво, една медицинска сестра беше пренесена во болница откако се случи несреќа. Така, загубивме двајца значајни доброволци во ист ден - неа и нејзиниот сопруг.

Потоа, работникот што го ангажиравме, кој не беше верник на црквата, се онесвести од топлотен удар. За среќа, тој се освести по неколку минути, велејќи дека е добро, и се врати на работа. Потоа, брат ми се обесхрабри и се загрижи дека не сме ги пресметале добро трошоците за работата.

„Никогаш нема да можеме да ги покриеме трошоците", рече тој.

Го охрабрив да верува во Бога и да продолжи да работи.

## Во врска со искуството

- Сликите можете да ги преземете од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Северната азископацифичка дивизија на: bit.ly/nsd-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 е заживување на концептот на мисијата во светот и жртвување за мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радоста да сведочат за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верниците кои ќе учествуваат и во личните и во јавните евангелски иницијативи со цел тотална вклученост на сите верници. Целта бр. 2 зборува за зајакнување и диверзификација на мисионските активности во големите градови, како и меѓу нехристијанските религии. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- Првиот адвентист што сведочел за Бога на територијата на Тајван бил Т.С. Ванг, колпортер од јужен Фуџијан, Кина, во 1907 година. И покрај прогонствата и апсењата, тој ја извршувал својата работа верно, а во 1912 г., кога го напуштил Тајван, го следеле 10 преобратени лица. Во оваа област, адвентистичкото дело беше отежнато, така што во 1942 година, за време на Втората светска војна, имало само 14 верници. Во 1948 г. по војната, била формирана тајванска мисија и основана првата адвентистичка црква на тој остров.
- Тајванската област на Христијанската адвентистичка црква вклучува 58 цркви и 28 групи верници, со вкупна религија од 6.956 луѓе. За државно население од 23.593.000, ова претставува соодност од 1 верник во црквата на секои 3.392 луѓе.

Во тој момент, покрај нашата зграда минуваше човек кој посетуваше друга христијанска црква во нашето село. Застана, нудејќи помош при реновирањето.

„Животот е премногу краток за да спречам христијанин од друга деноминација да работи за Бога“, рече тој.

Кога се стемни, ми даде едно пакување. „Сакам да ви дадам една донација.

Отворајќи го пакетот, бев изненадена кога видов пакет банкноти со огромна сума од 6.000 тајвански долари (215 долари)

Кога изнајмениот работник слушнал за оваа донација, бил трогнат и поттикнат да изјави дека не сака да биде платен за неговата работа. „Сакам да работам бесплатно за црквата“, рече тој.

Кога го виде сето ова, мојот брат ја врати довербата во нашите напори и му се заблагодари на Бога.

Дури ни по шест години, реновирањето на нашата црква не е целосно завршено, но верувам дека Бог ќе се погрижи за неговата црква и за потребите на својот народ. Верувам, затоа што Тој секогаш го прави тоа.

Ве молиме, продолжете да се молите за нас!



# Нееднаков јарем

13 САБОТА | 25 декември 2021

**Чанг Зенг Меј, 50**

Приказната за Чанг Зенг Меи, жена со автохтоно потекло, ја покажува реалноста на животот на староседелците на Тајван.

Не сакав да се омажам за мојот сопруг затоа што бев порасната како дете како адвентист, а мојот сопруг припаѓаше на друга христијанска деноминација. Меѓутоа, нашите родители сакаа ние двајца да се венчаме, затоа ги послушав моите родители.

Отидов кај мојот иден сопруг, Минг Хуанг и му реков: „Можеме да се венчаме, но нема да ги променам моите верски убедувања“. Тој немаше проблем со тоа.

Сепак, кога почнавме да зборуваме за венчавката, сакав таа да се одржи во адвентистичката црква, но тој одби, велејќи: „Јас сум маж и мислам дека треба да биде во мојата црква“.

Се обидував да најдам компромис. „Ајде да се венчаме надвор од црквата, но“, додадов, „адвентистички пастор треба да ја одржи свадбена церемонија“.

Еден од моите братучеди беше пастор во црквата на Минг Хуанг, па рече: „Ајде да го прашаме твојот роднина дали то може да нѐ венча“.

„Не, мора да е адвентистички пастор“, одговорив. „Твојот зет е адвентистички свештеник, да го замолиме да се ожени со нас“, реков.

Така се препиравме.

Конечно реков: „Ако не е адвентистички свештеник, нема да се омажам за тебе“.

„Добро“, одговори тој. „Ќе ја прашам мајка ми што да правиме“, рече тој.

Мајка му беше верничка во адвентистичката црква, но со тоа што се омажила за нејзиниот сопруг кој не бил адвентист, се придружила на неговата црква.

По разговорот со својата мајка, Минг Хуанг рече: „Во ред, мајка ми се согласи да има адвентистички пастор на свадбата“.

Но, тоа не беше крајот на нашите проблеми. Се покажа дека на неговата мајка многу ѝ се допаѓав, бидејќи сакаше да го промени својот син преку мене. Тој пиеше алкохол и не одеше во црква во недела. Мислеше дека ќе го научам да се однесува одговорно. Таа, исто така, мислеше дека ќе се придружам на нивната црква по венчавката.

Се чувствував непријатно со идејата да се омажам надвор од мојата вера. Минг Хуанг знаеше дека се чувствувам непријатно, но во тоа време, целото наше село знаеше дека нашите родители сакаат ние двајца да се венчаме. Ако раскиневме, ќе ги извалкавме образите. Тоа би било многу срамно. Покрај тоа, многу луѓе ме пофалија кај него, велејќи: „Таа е навистина добра девојка. Треба да се венчате“.

Ќе се омажам за него и тој нема да го изгуби образот.

Еден месец пред венчавката, тој почна да ја проучува Библијата и се крсти. Никогаш нема да го заборавам тој ден. Плачеше како мало дете. Сакаше да се ожени со мене, но не сакаше да се откаже од стариот живот. Не сакаше да престане да пие.

Шест месеци откако нашите родители одлучија ние двајца да се венчаме, имавме свадба на отворено со адвентистички пастор.

По венчавката почувствував голем товар. Се чувствував како да морам да ги променам навиките на мојот сопруг.

Имав чувство дека треба да го носам во сабота во црква и да го научам да им сведочи за Исус на другите луѓе.

Минг Хуанг беше поразен човек. Тој во голема мера ја изгуби самодовербата затоа што се откажа од многу работи за да се ожени со мене. Потоа му реков дека треба да почека некое време за да имаме бебе.

„Долго пиеше алкохол и јадеше нездрава храна. Телото ти е полно со токсини", реков.

Чекавме седум месеци. За тоа време, го научив сопругот како да јаде здрава храна и да живее поздрав начин на живот.

Нашите соседи ја забележаа неговата промена, фалејќи го дека станал поинаков човек.

Но, тој не сакаше да биде поинаков човек. Кога се роди нашата прва ќерка, тој повторно почна да пие. Бев тажен и вознемирен, но не можев да го оставам.

Поминаа десет години, добивме уште една ќерка.

## Во врска со искуството

- Замолете помлада жена да ја раскаже оваа приказна како нејзино лично искуство.
- Преземете ги сликите од Фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските ин- формации и брзи факти од Се- верната азископацифичка дивизија на: bit.ly/nsd-2021.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 е заживување на концептот на мисијата во светот и жртвување за мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радоста да сведочат за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верниците кои ќе учествуваат и во личните и во јавните евангелски иницијативи со цел тотална вклученост на сите верници. Целта бр. 2 зборува за зајакнување и диверзификација на мисионските активности во големите градови, како и меѓу нехристијанските религии. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org

## Мисионски факти

- Иако Тајван денес е познат по неговото кинеско име, некогаш бил познат под името Формоза. Португалските морнари го откриле островот во 16 век, кој на нивните карти го нарекле „Илха Формоса" (Прекрасен остров).
- Бејзболот е национален спорт на Тајван.
- Најголем процент од населението на Тајван (95%) е од кинеско Хан потекло, главно потомци на миграциските бранови од 18 век од кинеското копно. Најраспространет јазик во Тајван е кинескиот мандарински.

Имавме многу кавги. Еден ден сфатив дека не можеме повеќе да продолжиме да живееме вака и затоа предложив да се разделиме, но тој не кажа ниту збор.

Ги зедов нашите две девојчиња, десетгодишната ќерка и малото бебе, и ги однесов во домот на едни мои пријатели. Сакав мојот сопруг да биде сам во нашата куќа и да размислува како е да се живее без своето семејство. Минг Хуанг не сакаше да се разведе. Ме бараше три дена, и конечно ме најде кај пријателите. Потоа рече дека ќе го промени своето однесување.

Многу го сакам мојот сопруг, но не би сакала повторно да поминувам низ кавги и расправии за алкохолот. Се омажив затоа што мислев дека со Божја помош можам да го променам.

Пред нашата венчавка, се молев: „Ако сакаш да го спасиш тој човек, помогни ми да го променам". Меѓутоа, Библијата е во право кога вели: „Сè ми е дозволено, но не е сè полезно. Сè ми е дозволено, но не сакам нешто да завладее над мене" (1 Коринќаните 6,12).

Подобро е да се омажиш за некој со иста вера. Соломон, најмудриот човек што некогаш живеел, ја научил оваа лекција на потешкиот начин.

Ако една адвентистичка жена е мажена за неадвентист, советувам таа да биде добар пример за нејзиниот сопруг, и во верата и во животниот стил. Нека се моли за него, нека готви за него и нека му ја покажува својата вера во секојдневниот живот.

Како што кажува Исус: „Еве, јас ве испраќам како овци среде волци; затоа бидете мудри како змии и безопасни како гулаби" (Матеј 10,16).

Да му бидеме благодарни на Бога што често нè спасува од нашите погрешни чекори. Во меѓувреме, мојот сопруг стана грижлив сопруг и татко. Тој денес е исто така добар црковен работник и старешина. Бог е премногу добар.

Пред три години, дел од даровите на 13. сабота беа искористени за ширење на евангелието меѓу автохтоните жители на Тајван. Ова тримесечје, даровите на 13. сабота ќе бидат употребени за воспоставување три урбани центри на влијание насочени кон работа со луѓе од автохтоно потекло. Ви благодариме што помогнавте да се шири евангелието до сите групи луѓе во Северноата азископацифичка дивизија, со вашиот великодушен дар денес.

(Приложување на дарот придружено со инструментална музика)

# Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите што ќе бидат во фокусот на следниот квартал доаѓаат од Јужната азископацифичка дивизија на Генералната конференција при Христијанската адвентистичка црква.

- Изградба на основно училиште во Луанг Намта, Лаос.
- Изградба на блок спални соби за учениците во Адвентистичкото меѓународно училиште во Дили, Источен Тимор.
- Изградба на здравствен центар во северен Пакистан.
- Изградба на училиштен детски центар во Лонг Тан, Виетнам.

## Извор на информации за читателите

За повеќе информации за разновидното културно наследство на Јапонија, Монголија, Јужна Кореја и Тајван, контактирајте ја вашата локална библиотека, туристичка агенција или амбасада на земјата за која сте заинтересирани. Внесете го името на земјата во вашиот интернет прелистувач.

Следниве веб-страници може да бидат корисни за да се подготвите за саботната школа:

| | |
|---|---|
| Japan: government website | bit.ly/JapanGov |
| Japan Visitor | bit.ly/JapanVisitor |
| Japan Travel | bit.ly/Travel-Japan |
| Mongolia: government website | bit.ly/MongoliaGov |
| Visit Mongolia | bit.ly/VisitMongolia |
| World Travel Guide | bit.ly/WTG-Mongolia |
| South Korea: government website | bit.ly/SKoreaGov |
| Lonely Planet | bit.ly/LP-SKorea |
| Visit Korea | bit.ly/Visit-Korea |
| Taiwan: government website | bit.ly/Taiwan-Gov |
| Lonely Planet | bit.ly/LP-Taiwan |
| World Travel Guide | bit.ly/WTG-Taiwan |

**Seventh-day Adventist**

| | |
|---|---|
| Northern Asia-Pacific Division | bit.ly/SDA-NSD |
| Japan Union Conference | bit.ly/SDAJapan |
| Korean Union Conference | bit.ly/SDAKorea |
| Mongolia Mission | bit.ly/SDAMongolia |
| Taiwan Conference | bit.ly/SDATaiwan |

**Адвентистичкото мисионско DVD** е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат искуствата од земјите за коишто зборувавме, како и за Светската мисија на Адвентистичката црква. Замолете го водачот на саботата школа да ви даде една копија од ова DVD или оди на
www.AdventistMission.org;
www.AdventistMission.org/dvd.

**Мисионското списание** и социјалната мрежа Фејсбук. Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа“ на нашите искуства на

www.facebook.com/mission-quartelies.

АДВЕНТИСТИЧКА
МИСИЈА
ЗА МЛАДИ & ВОЗРАСНИ

**Градиво за саботна школа 4/2021**

**ВЕСТИ - ИСКУСТВА ОД СВЕТОТ**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**

# СЕВЕРНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ПОПУЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| Атлантска унија | 600 | 76 | 125.629 | 35.186.917 |
| Канада | 391 | 80 | 72.289 | 37.419.000 |
| Колумбиска унија | 740 | 101 | 145.394 | 52.190.829 |
| Унија Лејк | 504 | 56 | 88.475 | 35.797.364 |
| Средноамериканска унија | 458 | 64 | 64.589 | 27.954.972 |
| Северна пацифичка унија | 446 | 61 | 102.354 | 15.125.897 |
| Пацифичка унија | 713 | 91 | 222.741 | 54.601.558 |
| Јужна унија | 1.149 | 211 | 301.359 | 66.182.135 |
| Југозападна унија | 585 | 110 | 122.159 | 42.174.329 |
| Мисија Гвам-Микронезија | 22 | 15 | 5.805 | 414.000 |
| **ВКУПНО** | **5.608** | **865** | **1.250.794** | **367.050.001** |

## ПРОЕКТИ:

1. Сместување за вработените во школата Палау, Палау
2. Втора фаза од повеќенаменската сала во школата Холбрук, САД
3. Цркви и стипендии за бегалци, Канада и САД
4. Црква и социјален центар, Иглолик, Канада.